Универзитетски гласник

**Издавач**

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ**
***Проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ,***
**ректор**

**Уредник на *Универзитетски гласник***
***М-р Марија Маневска,***
**генерален секретар**

**Лектура**
***БЕСТЕЛ ДООЕЛ Скопје***
***29 Владимир Каваев***
***1000 Скопје***

**Техничко уредување**
***Зоран Кордоски***

# С О Д Р Ж И Н А

**С Т А Т У Т**
на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје....3

О Д Л У К А
за давање согласност на Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје ....31

Врз основа на член 110, став (1), алинеја 1 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018) и член 147 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 425 од 28 јуни 2019 година), Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата XX редовна седница одржана на 10.9.2019 година, донесе

# С Т А Т У Т
## на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

*Предмет на уредување*

**Член 1**

Со овој Статут се уредуваат: внатрешната организација, начинот на вршење на високообразовната дејност, органите и телата, овластувањата и начинот на работа и одлучување, студентското организирање, печатот, знаците и другите обележја на Медицинскиот факултет како единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во натамошниот текст: Факултетот), како и други прашања што се од значење за вршење на дејноста за која е основан.

За прашањата кои не се регулирани со овој Статут се применуваат одредбите од Законот за високото образование, Статутот и другите акти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во натамошниот текст: Универзитетот).

*Статус и основна дејност*

**Член 2**

Медицинскиот факултет во Скопје е јавна високообразовна установа во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Факултетот врши високообразовна дејност, од прв, втор и трет циклус на студии, организира и спроведува специјализации и супспецијализации, врши научноистражувачка и високостручна здравствена применувачка дејност од подрачјето на медицинските науки и со неа поврзаните фундаментални области согласно со Меѓународната стандардна класификација на образованието и ОЕЦД, како и од други подрачја и полиња кои се во врска со основната дејност на Факултетот.

**Член 3**

Факултетот дејностите од член 2 на овој Статут ги остварува согласно со законот, Статутот и со другите акти на Универзитетот.

*Назив и седиште*

**Член 4**

Факултетот работи под назив: Република Северна Македонија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет во Скопје.

Скратениот назив на Факултетот е: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Медицински факултет во Скопје.

Полниот назив на Факултетот на англиски јазик е: Ss. Cyril and Methodius University in Skopje - Faculty of Medicine in Skopje, Republic of North Macedonia.

Скратениот назив на Факултетот на англиски јазик е: Ss. Cyril and Methodius University, Faculty of Medicine in Skopje.

Седиштето на Факултетот е на адреса: ул. „50-та Дивизија“ број 6, Скопје.

*Датум на основање*

**Член 5**

Факултетот е основан на 6 март 1947 година, со Указ на Владата на НР Македонија.

*Овластувања, права, обврски и одговорности на Факултетот*

**Член 6**

Факултетот има овластувања, права, обврски и одговорности согласно со закон, со Статутот на Универзитетот и со овој Статут.

*Веб-страница на Факултетот*

**Член 7**

Факултетот има веб-страница на македонски и на англиски јазик на која задолжително се објавуваат:

1. Статутот на Факултетот (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи,
2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно,
3. Актот за систематизација,
4. Деловникот за работа на Наставно-научниот совет,
5. Правилникот за плати и надоместоци на Факултетот,
6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник, научен работник и соработник објавен во Билтенот,
7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, најдоцна 10 дена пред почетокот на учебната година,
8. Завршна сметка, најдоцна во рок од 10 дена од денот на усвојувањето,
9. Годишен извештај, најдоцна во рок од 10 дена од денот на усвојувањето,
10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови, најдоцна во рок од 10 дена од денот на прифаќањето,
11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови, најдоцна во рок од 10 дена од денот на прифаќањето,
12. Докторски дисертации,
13. Информации за студентите,
14. Тековни активности,
15. Етички кодекс на Универзитетот,
16. Друго.

Деканатската управа донесува акт за изгледот на веб-страницата, за информациите кои ќе се објавуваат, одговорни лица за доставување и за објавување на информациите и сл.

## II. АКАДЕМСКА ЗАЕДНИЦА И АВТОНОМИЈА

**Член 8**

Лицата избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања на Факултетот и студентите на Факултетот се членови на академската заедница.

Редовните професори остануваат членови на академската заедница и по пензионирањето.

Правата и обврските на членовите на академската заедница се уредуваат со Етичкиот кодекс на Универзитетот.

Членовите на академската заедница се должни да се придржуваат на одредбите на Етичкиот кодекс на Универзитетот.

**Член 9**

Факултетот својата дејност ја врши врз принципот на академска автономија. Одредбите за автономијата утврдени со закон и со Статутот на Универзитетот соодветно се применуваат и за Факултетот.

**Член 10**

Факултетот ќе се грижи за спроведување на политиките на еднаквост, недискриминација и инклузија, во согласност со закон, Статутот на Универзитетот и овој Статут, преку телото за еднаквост, инклузија и недискриминација, (ЕНИ) формирано на Универзитетот.

Поднесените претставки можат да се засноваат најмалку на основите наведени во Статутот на Универзитетот.

## III. ПЕЧАТ, ЗНАЦИ, ДРУГИ ОБЕЛЕЖЈА, ДЕН НА ФАКУЛТЕТОТ

***Печат***

**Член 11**

Факултетот има печат со тркалезна форма, во кој во средината е грбот на Република Северна Македонија и натпис во три концентрични кругови. Во надворешниот круг е впишано: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во средниот втор ред: Медицински факултет, а во внатрешниот ред: Република Северна Македонија.

Овој печат се употребува за архивското работење на Факултетот.

**Член 12**

Печат имаат и внатрешните организациони единици на Факултетот.

Печатот е со тркалезна форма. Во средината на кругот е грбот на Република Северна Македонија и натпис во три концентрични кругови. Во надворешниот круг е впишано: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во средниот втор ред: Медицински факултет – името на внатрешната организациона единица, а во

внатрешниот ред: Република Северна Македонија.

Овој печат се употребува за архивското работење на внатрешната организациона единица на Факултетот.

За употребата на печатот е одговорен раководителот на внатрешната организациона единица на Факултетот.

*Штембил*

**Член 13**

Штембилот на Факултетот е правоаголен и на него е испишан следниов текст: Република Северна Македонија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет - Скопје, број ___ датум,___/___ година, Скопје.

Штембилот се употребува за архивското работење на Факултетот.

**Член 14**

Штембил имаат и внатрешните организациони единици на Факултетот.

Штембилот е правоаголен и на него е испишан следниов текст: Република Северна Македонија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет – името на внатрешната организациона единица ...., број ___ датум,___/___ година, Скопје.

Овој штембил се употребува за архивското работење на внатрешната организациона единица на Факултетот.

За употребата на штембилот е одговорен раководителот на внатрешната организациона единица на Факултетот.

*Знаци и други обележја*

**Член 15**

Факултетот има лого, знаме, инсигнии за деканот и одори за деканот и за продеканите.

Изгледот на логото е: создаден од кириличните букви М и Ф, кои означуваат Медицински факултет, со дел од змијата кон горе, и лежи врз стилизиран знак на Камениот мост во Скопје.

Изгледот на знамето е: бело со правоаголна форма, во горниот дел го содржи грбот на Универзитетот, а во средниот дел го содржи амблемот од Медицинскиот факултет „Primum non nocere“.

**Член 16**

На Факултетот се установува одора за деканот и за продеканите која е пропишана со Статутот на Универзитетот.

Одората се носи при промоции, прослави и други свечености на Факултетот и Универзитетот, како и при претставување на Факултетот на меѓууниверзитетски и меѓународни средби, согласно со Статутот на Универзитетот.

**Член 17**

Инсигниите за деканот се состојат од: грбот на Универзитетот, делот што ги симболизира словенската писменост и култура како и две обележја на Факултетот – лого на Факултетот.

**Член 18**

Знаците и обележјата на Факултетот се употребуваат истовремено со соодветните знаци и обележја на Универзитетот.

*Ден на Факултетот, награди и признанија*

**Член 19**

Ден на Факултетот е 17 март, денот кога во 1947 година Наставно-научниот совет одржал прва седница.

Денот на Факултетот се одбележува на свечен начин, секоја година.

**Член 20**

По повод јубилеи и други значајни настани, како и на промоции, Факултетот доделува награди, признанија и сл.

Критериумите за наградување и видот на наградите и признанијата ги утврдува Наставно-научниот совет, директно или преку организациониот одбор што го избира.

## IV. ДЕЈНОСТ НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 21**

Факултетот ја организира и ја остварува високообразовната, научноистражувачката и високостручната здравствена применувачка дејност како единствен процес.

Во вршењето на високообразовната, научноистражувачката и високостручната здравствена применувачка дејност, Факултетот:

1. го планира остварувањето и развојот на своите дејности во рамките на Универзитетот за кои е основан во согласност со буџетските средства и од средствата од самофинансирачките активности, донации и слично;
2. врши високообразовна, научноистражувачка, применувачка, односно апликативна во една или повеќе сродни, односно меѓусебно поврзани научни и стручни дисциплини;
3. организира и спроведува специјализации и супспецијализации;
4. врши здравствена дејност согласно со членовите 38 и 88 од Законот за здравствената заштита (Службен весник на Република Македонија бр. 43/12,145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/24, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/20, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19 и 153/19);
5. остварува различни форми за надградување, продлабочување или проширување на знаењата и континуирано образование во согласност со актите на Универзитетот;
6. остварува меѓународна соработка со сродни високообразовни и научни установи согласно со Статутот на Универзитетот и овој Статут;
7. организира научни конгреси, симпозиуми, советувања и други научни и стручни собири, како и теренска настава во земјата и во странство согласно со Статутот на Универзитетот и овој Статут;
8. реализира домашни и меѓународни проекти во согласност со актите на Универзитетот;
9. организира форми и видови на активности за зачувување и унапредување на здравјето, животната и работната средина со примена на стручно-медицински мерки, активности и постапки;
10. во рамките на интегрираниот библиотечно-информациски систем на Универзитетот, ја организира работата на Библиотеката и остварува библиотечно-информациска и документациона дејност;
11. врши издавачка дејност во согласност со актите на Универзитетот;
12. издава уверенија и други документи за завршени студии и други видови образование, според условите утврдени со Статутот на Универзитетот, како и други документи за статусот на студентот во текот на студирањето;
13. разменува научни и стручни услуги и производи со домашни и странски физички и правни лица;
14. организира стручна и административна служба во согласност со актите на Универзитетот;
15. се грижи и презема мерки за усовршување на кадрите што изведуваат високообразовна, научноистражувачка и високостручна здравствена дејност и за кадрите во Стручната и административна служба;
16. предлага и презема мерки за унапредување и заштита на стандардот на студентите и вработените;
17. се грижи и презема мерки за тековно и инвестиционо одржување на објектите и имотот;
18. издава документи врз основа на јавни овластувања и врз основа на продавање научни и стручни услуги и производи;
19. ги уредува формите на стручно и професионално усовршување;
20. води евиденции согласно Правилникот за водење евиденции за високото образование;
21. врши и други работи утврдени со закон, со Статутот и другите акти на Универзитетот.

## V. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ И НАСТАВНИ БАЗИ

**Член 22**

За вршење на високообразовната, научноистражувачката и применувачка високостручна здравствена дејност, на Факултетот се основани следниве внатрешни организациони единици: институти, катедри,

центри, лаборатории, библиотека и стручна и административна служба.

**Член 23**

Институтите и катедрите се основни внатрешни организациони единици на Факултетот.

*1. Институти*

**Член 24**

Институтите ги сочинуваат лицата избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања на Факултетот, како и други лица во работен однос кои вршат работа поврзана со високообразовната, научноистражувачката и применувачка високостручна здравствена дејност на институтот.

**Член 25**

Институтите вршат високообразовна, научноистражувачка и применувачка високостручна здравствена дејност од една или повеќе гранки на медицината.

Институтите во рамките на својата дејност:

1. организираат и остваруваат високообразовна дејност;
2. организираат и остваруваат научноистражувачка дејност;
3. организираат и остваруваат високостручна здравствена дејност, како и применувачка дејност;
4. учествуваат при изработката на програмите за научноистражувачката и наставно-образовната работа на Факултетот;
5. изведуваат стручни, советувачки, консултантски и други применувачки услуги;
6. создаваат научен подмладок;
7. се грижат за развојот на научните дисциплини и струки;
8. го поттикнуваат вклучувањето на студентите во научноистражувачката работа на Институтот;
9. ги проучуваат можностите и формите на пренесување на научноистражувачките резултати во практиката;
10. ја водат целокупната документација за дејностите што ги опфаќаат, како и за соодветните катедри кои се во нивниот состав;
11. вршат и други работи утврдени со закон и со овој Статут.

**Член 26**

На Факултетот постојат следниве институти:

1. Институт за анатомија
2. Институт за медицинска и експериментална физиологија со антропологија
3. Институт за микробиологија и паразитологија
4. Институт за медицинска и експериментална биохемија
5. Институт за медицинска хистологија и ембриологија
6. Институт за патологија
7. Институт за епидемиологија со биостатистика и медицинска информатика
8. Институт за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија
9. Институт за патолошка физиологија и нуклеарна медицина
10. Институт за претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија
11. Институт за имунобиологија и хумана генетика
12. Институт за социјална медицина.

Во рамките на институтите се организираат катедри.

Во институтите можат да се организираат внатрешни организациони структури, и тоа: институтски центар, оддел, лабораторија, специјалистичко консултативна амбуланта и кабинет.

Начинот на организирањето како и видот, надлежностите и раководењето на внатрешните организациони структури на институтите се уредуваат со Правилникот за внатрешна организација на Медицинскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Член 27**

На институтот се формира стручен колегиум.

**Член 28**

Стручниот колегиум, во смисла на овој Статут, го сочинуваат лицата избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања и сите лица со завршени академски

универзитетски студии од најмалку 240 кредити - носители на стручната дејност на институтот.

Стручниот колегиум:

- се грижи за стручната работа на институтот;
- утврдува предлог-деловен план со план на вид и обем на здравствени услуги на институтот и го доставува до раководителот на институтот;
- избира раководител на институтот;
- дава мислење и предлози до раководителот на институтот во поглед на организацијата на работата и условите за работа и развој на дејноста;
- дава мислење по поднесените приговори од страна на пациентите по однос на квалитетот, ефикасноста и навременото укажување на здравствени услуги од персоналот во институтот и му дава мислење и предлог на раководителот на институтот за преземање на мерки согласно со закон;
- ја разгледува потребата и дава мислење за стручно усовршување на вработените на институтот;
- му ги предлага на раководителот на институтот потребите за набавка на лабораториски потрошен материјал, опрема, хемикалии, китови и реагенси и друг потрошен материјал кои се потребни за вршење на здравствената дејност и согласно со планот за работа предлага спецификација на материјали за јавна набавка при изготвувањето на годишниот план за јавни набавки;
- врши и други работи по барање на раководителот на институтот;
- врши и други стручни работи утврдени со закон, другите прописи и општите акти на Факултетот.

За начинот на работа на стручниот колегиум на институтите соодветно се применуваат одредбите за начинот на работа на катедрите на Факултетот.

**Член 29**

Со институтот раководи раководител кој е лице избрано во наставно-научно звање од соодветниот институт.

Раководител на институтот се избира со мандат од 3 години со можност за уште еден реизбор.

Изборот на раководителите на институтите се врши по изборот на декан.

Раководител на институт се избира на тајни и непосредни избори, од страна на Стручниот колегиум на институтот со мнозинство од вкупниот број членови, што се констатира на записник кој го потпишува постојниот раководител, односно в.д. раководител.

Деканот, согласно добиениот записник од став 3 на овој член донесува одлука со која се констатира изборот на раководител на институтот.

Раководител на институт не може истовремено да биде раководител и на друга внатрешна организациона единица.

Деканот нема право да констатира избор на раководител на институтот ако лицето не ги исполнува условите утврдени со актите на Универзитетот, Факултетот и со овој Статут, ако е сторена повреда на постапката за неговото предлагање, ако извршил повреда на угледот на Универзитетот и на единицата и ако неговата работа е во спротивност со актите на Универзитетот и на Факултетот.

**Член 30**

Доколку институтот не избере раководител до денот на истекот на мандатот на постојниот раководител, деканот назначува в.д. раководител за време до 3 месеци, кој треба да ја спроведе постапката за избор на раководител.

Во случај на предвремен престанок на мандатот на раководителот, деканот, во рок од 7 работни дена спроведува постапка за избор за нов раководител.

Ако не се избере раководител се применува одредбата од ставот 1 на овој член.

**Член 31**

Во отсуство на раководителот него го заменува највозрасниот присутен член на Институтот, но не подолго од 3 месеци.

По истекот на рокот од ставот 1 на овој член, се спроведува постапка за избор на нов раководител согласно член 29 од овај Статут.

**Член 32**

Раководителот за својата работа одговара пред деканот и Деканатската управа.

**Член 33**

На раководителот на Институтот му престанува функцијата пред истекот на мандатот во следните случаи:

- ако поднесе оставка;
- ако биде разрешен;
- ако му престанал работниот однос;
- во други случаи утврдени со закон.

Во случаите од ставот 1, алинеи 1 и 3, институтот (на записник) констатира дека на раководителот му престанал мандатот.

На местото од раководителот на кој му престанал мандатот, записникот од став 2 од овај член го потпишува највозрасниот присутен член на институтот.

Деканот, согласно добиениот записник од став 2 и 3 на овој член донесува одлука со која се констатира престанок на мандатот.

**Член 34**

Образложена иницијатива за разрешување на раководител на институт можат да поднесат најмалку една третина од вкупниот број членови на стручниот колегиум на институтот, деканот или Деканатската управа.

Иницијативата се доставува до членовите на стручниот колегиум на институтот кои на состанок, со образложена одлука ја прифаќаат или ја одбиваат иницијативата со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на стручниот колегиум на институтот.

За начинот на донесување на Одлуката од ставот 2 на овој член (со јавно или тајно гласање) одлучува стручниот колегиум на институтот.

Ако се прифати иницијативата, во рок од 15 дена се спроведува постапка за разрешување.

Стручниот колегиум на институтот со тајно гласање одлучува за разрешување на раководителот со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Доколку раководителот е разрешен, деканот назначува в.д. раководител, за време од најмногу 3 месеци.

Изборот на нов раководител на местото на разрешениот раководител на институт е според постапката утврдена со овој Статут. За раководител, во повторената постапка, не може да биде предложен разрешениот раководител. Мандатот на новоизбраниот раководител трае до истекот на мандатот на деканот.

**Член 35**

Раководителот на институтот:

1. ја организира и ја води работата на институтот, се грижи и е одговорен за навремено извршување на работите од дејноста на институтот;
2. ги свикува и ги води состаноците на институтот и стручниот колегиум;
3. должен е да обезбеди непречено вршење на високообразовната, научноистражувачката и применувачката високостручна здравствена дејност на институтот;
4. ги извршува и ги спроведува одлуките на органите на Факултетот кои се однесуваат на работата на институтот;
5. ги известува органите на Факултетот за работата на институтот;
6. ги известува вработените во институтот за работата на Деканатската управа од делокругот на нивната работа;
7. се грижи за работната дисциплина во институтот;
8. поднесува годишен извештај за својата работа пред институтот и пред деканот;
9. се грижи за состојбата на просторот и опремата што ги користи институтот;
10. врши и други работи што ќе му ги доверат органите на Факултетот.

Раководителот е одговорен за законитоста во работењето на институтот и е должен да работи согласно прописите кои се однесуваат на дејноста на институтот.

***2. Катедри***

**Член 36**

Катедрата претставува наставно-научна функционална целина од соодветна наставно-научна и здравствена област.

Катедрите се основаат, припојуваат и делат во согласност со потребите на

наставно-образовната и научноистражувачката работа.

Катедрите во рамките на својата дејност:

1. ја организираат, унапредуваат, развиваат и ја следат високообразовната дејност од прв, втор и трет циклус на студии, научноистражувачката и применувачката високостручна здравствена дејност;
2. изготвуваат предметни програми при подготвувањето на студиските програми и програмите за истражувачката работа;
3. изготвуваат предлог-програми за специјализации и супспецијализации;
4. остваруваат наставно-образовна, научноистражувачка и применувачка високостручна здравствена дејност;
5. ги разгледуваат прашањата и проблемите кои настануваат при реализирањето на студиските програми и ја насочуваат, усогласуваат и следат високообразовната, научноистражувачката и применувачката високостручна здравствена дејност;
6. со научноистражувачката дејност, посебно со фундаменталните истражувања, развиваат научни дисциплини, на кои се темелат студиските програми и научните дисциплини со сродни или интердисциплинарни поврзани области;
7. се грижат за пренесување на научноистражувачките достигнувања и новите знаења во наставно-образовниот процес и за нивно вклучување во студиските програми во трите циклуси на студии;
8. даваат предлози и мислења за меѓународната соработка и за организирањето меѓународни собири, советувања, работилници и друго, а за воспоставената соработка го известуваат Наставно-научниот совет;
9. ги разгледуваат извештаите од самоевалуацијата и евалуацијата на работата што ја опфаќаат и усвојуваат предлог-мерки за надминување на недостатоците утврдени во самоевалуацијата и евалуацијата;
10. развиваат современи педагошки методи;
11. се грижат за стручното и за научното усовршување на наставниците, научните работници и соработниците;
12. предлагаат учебници, учебни помагала и стручна литература;
13. разгледуваат и други прашања на сопствена иницијатива или на барање од Наставно-научниот совет во однос на унапредувањето на дејноста на Факултетот и катедрите, а своите мислења, предлози и заклучоци ги доставуваат до Наставно-научниот совет;
14. предлагаат комисии до надлежниот Наставно-научен колегиум за постдипломски студии - магистериуми, Одбор за специјализации, супспецијализации и докторати;
15. даваат предлози до надлежниот одбор за распишување конкурс за избор во наставно-научни, научни, насловни и соработнички звања;
16. предлагаат рецензентски комисии до надлежниот одбор за избор во наставно-научни, научни, насловни и соработнички звања;
17. даваат предлози за комисии до надлежниот одбор, односно Наставно-научен колегиум за сите фази на изработка и одбрана на магистериуми и докторати;
18. даваат предлози за рецензентски комисии на учебници и учебни помагала до надлежниот одбор;
19. избираат и/или отповикуваат членови и нивни заменици во Кадровскиот, Наставниот и Научниот одбор;
20. изготвуваат предлог-распоред на часовите и наставата (обезбеденост на наставата);
21. избираат раководител на катедрата;
22. се грижи за создавање и развој на научен подмладок;
23. вршат и други работи утврдени со закон, Статутот на Универзитетот и со овој Статут.

За прашањата од став 2, точките 14 и 17 од овој член поврзани со докторатите, како

и за прашањата од точка 19, не одлучуваат лицата избрани во соработнички звања и асистенти-докторанди.

Доколку на катедрата во рок од 3 месеци нема кворум за одлучување по прашањето од ставот 2 точка 15, во тој случај одлука за тоа прашање ќе донесе Наставно-научниот совет.

Доколку постојат кандидати кои формално ги исполнуваат критериумите за избор во наставно-научни, научни или насловни звања утврдени во Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а катедрата не даде предлог до надлежниот одбор за распишување конкурс за избор во наставно-научни, научни, насловни и соработнички звања согласно точката 15 од ставот 2 на овој член, катедрата до Наставно-научниот совет задолжително доставува писмено образложение за причините поради кои не доставува предлог за распишување на конкурс. Писменото образложение се презентира на седница на Наствано-научниот совет и Наставно-научниот совет гласа за распишување на конкурс за нови места на таа катедра имајќи го предвид поднесеното образложение.

Доколку катедрата не даде предлози за прашањата од ставот 2 точките 14, 16, 17 и 18, надлежниот одбор односно колегиум ќе даде предлог, а одлука за тие прашања ќе донесе Наставно-научниот совет.

**Член 37**

Катедрата ја сочинуваат лица избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Факултетот од иста или сродна научна област од една или повеќе гранки на медицината, односно предмети.

**Член 38**

Катедрите кои во својот состав обединуваат наставници, научни работници, соработници и асистенти-докторанди од повеќе универзитетски клиники и други наставни бази на Факултетот формираат координативно тело, составено од по еден претставник (наставник) од секоја универзитетска клиника или наставна база на Факултетот и раководителот на катедрата.

Лицата избрани во наставно-научни и научни звања од универзитетската клиника и од наставната база на Факултетот избираат еден член во координативното тело. Предлог може да даде секој од наведените лица. Изборот се врши доколку се присутни повеќе од половината од лицата избрани во звања. Избран е кандидатот што добил најголем број гласови. Ако повеќе кандидати добиле најголемо, но исто мнозинство, гласањето за тие кандидати се повторува уште еднаш. Ако и при повторното гласање не се изврши избор, избран е кандидатот со подолго работно искуство.

За секој член на координативното тело се избира заменик согласно постапката утврдена во ставот 2 од овој член.

Со координативното тело раководи раководителот на катедрата.

Координативното тело учествува во координирањето на работата на катедрата и во подготвувањето на седниците на катедрата.

Одлуките по предлозите од кординативното тело се донесуваат на редовните седници на катедрата.

**Член 39**

На Факултетот се формирани следниве катедри:

1. Катедра за медицинска хемија при Институтот за медицинска и експериментална биохемија;
2. Катедра за анатомија при Институтот за анатомија;
3. Катедра за биохемија и клиничка биохемија при Институтот за медицинска и експериментална биохемија;
4. Катедра за хистологија со ембриологија при Институтот за медицинска хистологија и ембриологија;
5. Катедра за физиологија при Институтот за медицинска и експериментална физиологија со антропологија;
6. Катедра за микробиологија со паразитологија при Институтот за микробиологија и паразитологија;

7. Катедра за патологија при Институтот за патологија;
8. Катедра за патолошка физиологија при Институтот за патолошка физиологија и нуклеарна медицина;
9. Катедра за фармакологија со токсикологија при Институтот за претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија;
10. Катедра за имунологија при Институтот за имунобиологија и хумана генетика;
11. Катедра за епидемиологија со биостатистика и медицинска информатика при Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика;
12. Катедра за социјална медицина при Институтот за социјална медицина;
13. Катедра за судска медицина при Институтот за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија;
14. Катедра за медицинска етика при Институтот за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија;
15. Катедра за нуклеарна медицина при Институтот за патолошка физиологија и нуклеарна медицина;
16. Катедра за медицинска физика при Институтот за патолошка физиологија и нуклеарна медицина;
17. Катедра за радиологија;
18. Катедра за интерна медицина;
19. Катедра за педијатрија;
20. Катедра за инфективни болести;
21. Катедра за неврологија;
22. Катедра за психијатрија и медицинска психологија;
23. Катедра за онкологија со радиотерапија;
24. Катедра за дерматовенерологија;
25. Катедра за хирургија;
26. Катедра за ортопедија;
27. Катедра за офталмологија;
28. Катедра за оториноларингологија;
29. Катедра за гинекологија и акушерство;
30. Катедра за анестезиологија со реанимација;
31. Катедра за хигиена;
32. Катедра за физикална медицина и рехабилитација;
33. Катедра за трансфузиологија;
34. Катедра за медицина на трудот;
35. Катедра за семејна медицина и
36. Катедра за хумана генетика.

Наставно-научниот совет со одлука може да формира и други катедри во согласност со студиските програми на Факултетот и овој Статут.

**Член 40**

Катедрата има раководител.

Одредбите што се однесуваат на раководителот на институтот се применуваат и на раководителот на катедрата.

**Член 41**

Раководителот на катедрата:

1. ја организира и ја води работата на катедрата;
2. ги свикува и ги води состаноците на катедрата;
3. се грижи за редовното изведување на наставно-образовната, применувачката и на научноистражувачката работа од областа на катедрата;
4. ги извршува одлуките на органите на Факултетот кои се однесуваат на работата на катедрата;
5. ги известува органите на Факултетот за работата на катедрата;
6. раководи со координативното тело;
7. се грижи наставната ангажираност на наставниците и соработниците да биде рамномерно распределена;
8. ги известува членовите на катедрите за работата на Деканатската управа;
9. врши и други работи што ќе му ги доверат органите на Факултетот.

Член 42

Одредбите од овој Статут за избор, разрешување, мандат и сл. на раководител на институт соодветно се применуваат и за раководител на катедра.

**Други внатрешни организациони единици**

*1. Лаборатории*

**Член 43**

Лабораторија се формира за практично изведување на наставно-образовната, научноистражувачката и применувачката работа.

*2 Центри*

**Член 44**

Центрите се формираат заради изведување, организирање и поттикнување на научноистражувачката, применувачката дејност, како и наставно-образовната работа, пренесување на употребата на современите методи на работа, сознанијата и достигнувањата со мултидисциплинарен карактер.

Центри на Факултетот се:

1. Центар - Школа за јавно здравство;
2. Центар за семејна медицина;
3. Центар за континуирана медицинска едукација.

Наставно-научниот совет со статутарна одлука за формирање на центар утврдува за која цел се основа центарот, просторот каде што ќе биде лоциран, кадровската екипираност, корисниците, финансиската конструкција на работењето на центарот, како и други работи битни за неговото функционирање.

Центарот може да се формира доколку се обезбедени просторни и други материјални услови пропишани со актот за основање.

**Член 45**

Наставно-научниот совет со одлука може да формира и други центри во согласност со студиските програми, законот, Статутот на Универзитетот и со овој Статут.

*3. Основање други внатрешни организациони единици*

**Член 46**

Наставно-научниот совет може да донесе одлука за формирање на внатрешна организациона единица на образложен предлог од деканот и на Деканатската управа, за што се спроведува постапка за дополнување на овој Статут.

**Член 47**

Раководителите на внатрешните организациони единици од членовите 43, 44 и 45 од овој Статут ги назначува деканот.

*4. Наставни бази*

**Член 48**

Факултетот дејноста може да ја врши и во наставни бази на други јавни здравствени установи, доколку во рамките на неговите внатрешни организациони единици не постојат услови за обезбедување квалитетен наставно-образовен процес за одредени предметни содржини.

Условите, нормативите и стандардите за остварување на дејноста од претходниот став ги утврдува Деканатската управа, а одлука за вршење на дејноста во наставни бази надвор од Факултетот донесува Наставно-научниот совет.

Врз основа на одлуката од претходниот став, деканот склучува спогодба со јавната здравствена установа - наставна база.

Наставните бази од овој член немаат својство на внатрешни организациони единици на Факултетот.

Факултетот дејноста ја врши во следниве наставни бази:

1. ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар - Скопје
2. ЈЗУ Универзитетска клиника за радиологија - Скопје
3. ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија - Скопје
4. ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија - Скопје
5. ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија - Скопје
6. ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија - Скопје
7. ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија - Скопје
8. ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболични нарушувања - Скопје
9. ЈЗУ Универзитетска клиника за ревматологија - Скопје
10. ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија - Скопје
11. ЈЗУ Универзитетска клиника за токсикологија - Скопје
12. ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести - Скопје
13. ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби - Скопје
14. ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија - Скопје

15. ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија - Скопје
16. ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија - Скопје
17. ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија - Скопје
18. ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија - Скопје
19. ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија - Скопје
20. ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија - Скопје
21. ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство - Скопје
22. ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести - Скопје
23. ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло - Скопје
24. ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија - Скопје
25. ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија - Скопје
26. ЈЗУ Универзитетска клиника за државна кардиохирургија - Скопје
27. ЈЗУ Универзитетска клиника за клиничка биохемија - Скопје
28. ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на Република Македонија - Скопје
29. ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија - Скопје
30. ЈЗУ Институт за физикална медицина и рехабилитација - Скопје
31. ЈЗУ Институт за медицина на трудот на Република Македонија - Скопје
32. ЈЗУ Центар за рехабилитација на слух, говор и глас - Скопје
33. ЈЗУ Клиника за хируршки болести „Св. Наум Охридски“ - Скопје
34. ЈЗУ Центар за јавно здравје - Скопје
35. ЈЗУ Здравствен дом на Скопје
36. ЈЗУ Институт по белодробни заболувања кај децата „Козле“ - Скопје
37. Градска општа болница „8-ми Септември“ - Скопје
38. ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје“ - Скопје
39. ЈЗУ Специјална болница за гинекологија и акушерство „Чаир“ - Скопје
40. ЈЗУ Универзитетски институт за позитрон емисиона томографија.

### *5. Стручна и административна служба*

**Член 49**

Стручните и административните работи ги врши Стручната и административна служба на Факултетот како дел од интегрираната Стручна и административна служба на Универзитетот.

Со Службата на Факултетот раководи секретар, кој за својата работа е одговорен пред деканот.

**Член 50**

Секретарот се избира од страна на Наставно-научниот совет, по предлог на деканот, во согласност со закон.

**Член 51**

Секретарот е одговорен за работата на Стручната и административна служба на Факултетот.

Секретарот се грижи за правата, обврските и одговорностите од работниот однос на ненаставниот кадар.

Наставно-научниот совет може да го разреши секретарот на Факултетот, на предлог на деканот на Факултетот, доколку во спроведена постапка се утврди дека неговата работа е спротивна на законот, актите на Универзитетот и овој Статут и кога ќе оцени дека не ги врши работите од својата надлежност.

Секретарот, покрај правата и одговорностите утврдени со актот за систематизација му предлага на деканот решенија во врска со правата, обврските и одговорностите од работниот однос на ненаставниот кадар.

**Член 52**

Поблиските одредби за организацијата и вршењето на работите во Стручната и административна служба се утврдуваат со актите на Универзитетот и на Факултетот.

### *6. Библиотека*

**Член 53**

Библиотеката на Факултетот како организациона единица во рамките на Стручната и административна служба на Факултетот учествува и дава свој придонес во креирањето на политиката на

библиотечното работење во рамките на интегрираниот библиотечен систем на Универзитетот.

Библиотеката на Факултетот ја собира, ја уредува и ја распоредува научната, студиската и стручната литература и на наставно-научните кадри, на соработниците и на студентите им ги дава информациите и знаењата за студиите и за научната работа, ги образува од гледна точка на употребата на библиотечниот фонд и од гледна точка на барањето информации и изработува библиографија за високообразовните наставници и научни работници.

## VI. ОСНОВАЊЕ ОРГАНИЗАЦИЈА

**Член 54**

По иницијатива на Факултетот, Универзитетот може да основа друга организација согласно со Статутот на Универзитетот.

Факултетот може да основа друга организација согласно со Статутот на Универзитетот.

## VII. ОРГАНИЗИРАЊЕ НА СТУДЕНТИ-ТЕ И УЧЕСТВО НА СТУДЕНТИТЕ ВО УПРАВУВАЊЕТО

**Факултетско студентско собрание**

**Член 55**

Факултетското студентско собрание е тело на Факултетот во кое членуваат претставници од студентите од Факултетот, кои ги претставуваат нивните интереси, барања и предлози.

Факултетското студентско собрание има Статут, кој Студентското собрание го донесува по претходна согласност од Наставно-научниот совет на Факултетот.

**Член 56**

Членовите и претседателот на Факултетското студентското собрание, се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање, со мандат од една година и со право за уште еден избор.

**Член 57**

Изборите од член 56 од овој Статут, со одлука, ги распишува деканот на Факултетот во рок од 30 дена пред нивното одржување.

Во одлуката од став 1 на овој член, деканот именува изборна комисија која ќе ги спроведе изборите за членови на факултетското студентско собрание.

Одлуката се објавува на веб-страницата на Факултетот.

Во изборната комисија членуваат двајца наставници, односно соработници и тројца студенти.

Комисијата од став 4 на овој член избира избирачки одбори/поткомисии составени од двајца студенти и еден наставник, односно соработник за спроведување на изборите.

**Член 58**

Изборите се спроведуваат во работни денови во текот на неделите за настава во соодветниот семестар.

**Член 59**

Факултетското студентско собрание брои 24 претставници на студентите.

Кандидатите за претставници во Факултетското собрание се утврдуваат на собири на студентите по години на студии, со тоа што од секоја студиска година се предлагаат кандидати за претставници во Факултетското студентско собрание.

Бројот на претставници по години од додипломски студии и од постдипломски и докторски студии се утврдува со статутот на Факултетското студентско собрание.

**Член 60**

Право да избираат и да бидат избрани за членови на Факултетското студентско собрание имаат сите студенти на Факултетот, кои се запишани на студии во учебната година/семестар во кој се избира претседателот и Факултетското студентско собрание.

**Член 61**

Факултетот обезбедува услови за успешно спроведување на изборите за претседател и Факултетското студентското собрание.

**Заменик-студентски правобранител**

**Член 62**

На Факултетот, од страна на Факултетското студентско собрание се

избира заменик-студентски правобранител врз основа на објавен конкурс од редот на студентите од Факултетот со мандат од две години без можност за реизбор.

Заменик-студентскиот правобранител постапува по поднесок од страна на студент и по сопствена иницијатива доколку увидел дека е прекршено право на студент од страна на органите на Факултетот или друг член на академската заедница на Факултетот.

Органите на Факултетот, односно членот на академската заедница се должни да ги разгледаат укажувањата на заменикот студентски правобранител.

**Учеството на студентите во управувањето**

**Член 63**

Претставниците на студентите во органите и телата на Факултетот ги избира и разрешува Факултетското студентското собрание од редот на редовните студенти на Факултетот.

Претседателот или овластено лице на Факултетското студентско собрание свикува состанок на кој се врши избор или разрешување на претставниците на студентите во органите и телата на факултетот, за што до деканот се доставува потпишан записник и одлука за извршениот избор од став 1 на овој член во рок од 3 дена по извршениот избор.

## VIII. ОРГАНИ НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 64**

Органи на Факултетот се: Наставно-научен совет, декан и Деканатска управа.

### 1. Наставно-научен совет

**Член 65**

Наставно-научниот совет на Факултетот е орган на управување и стручен орган.

**Член 66**

Наставно-научниот совет го сочинуваат:

- деканот;
- продеканите (вкупно 4);
- претставници избрани од катедрите, од страна на редовните и вонредните професори и доцентите кои се во работен однос на Факултетот, сразмерно на бројот на наставниците избрани, односно распоредени во катедрата (вкупно 125);
- претставници на студентите (вкупно 20).

*Претставници од наставно-научните работници на катедрите*

**Член 67**

Изборот на претставници од катедрите за членови во Наставно-научниот совет се врши сразмерно на бројот на наставниците избрани, односно распоредени во катедрата, при што процентот на претставници од секоја катедра во вкупниот број на претставници од катедрите ќе се утврдува најдоцна два месеци пред истекот на мандатот на постојниот состав на Наставно-научниот совет, односно пред отпочнување на постапката за избор на нови претставници од катедрите за членови во Наставно-научниот совет.

Секој избран наставник (доцент, вонреден и редовен професор) на катедрата до денот на гласањето во катедрата, може да биде биде избран за претставник од катедрата за член во Наставно-научниот совет.

**Член 68**

Изборот на претставници од катедрите за членови во Наставно-научниот совет се врши со тајно гласање во катедрата доколку се присутни повеќе од половината од наставниците на катедрата.

Избрано е лицето, односно лицата кои добиле мнозинство гласови од присутните.

Доколку повеќе лица добиле ист број гласови, гласањето за тие лица се повторува уште еднаш. Доколку и со повторното гласање не се избере лице за член во Наставно-научниот совет, ќе се смета дека е избрано лицето со повисоко наставно-научно звање. Доколку има повеќе лица со исто наставно-научно звање, се смета дека за претставник е избран оној кој е прв избран во тоа звање.

Доколку во првиот круг на гласање не се изберат онолку претставници колку што се утврдени согласно став 1 на овој член, се организираат наредни кругови на гласање, со тоа што во секој нареден круг отпаѓа оној кандидат, односно кандидати (доколку имаат

ист број на гласови) кои во претходниот круг добил, односно добиле најмал број на гласови. На катедрите кои во својот состав обединуваат членови од повеќе универзитетски клиники, по вториот круг на гласање, во сите наредни кругови се гласа за сите непополнети места на катедрата од кандидатите кои ќе бидат ставени на единствена листа за гласање (формирана по азбучен ред на презимињата). Во секој нареден круг на гласање, отпаѓа оној кандидат, односно кандидати (доколку имаат ист број на гласови) кои во претходниот круг добил, односно добиле најмал број на гласови.

**Член 69**

Мандатот на претставниците од наставно-научните работници на катедрите - членови на Наставно-научниот совет трае 2 години со право на повторен избор.

Мандатот на новоизбраните претставници од катедрите за членови во Наставно-научниот совет трае до конституирањето на новиот состав на Наставно-научниот совет.

*Претставници на студентите*

**Член 70**

Претставниците на студентите се избираат од Факултетското студентско собрание.

Бројот на претставниците од редот на студентите изнесува 13 % од вкупниот број членови на Наставно-научниот совет, односно 20 претставници.

Студентите се застапени со најмалку 1 претставник од секоја студиска година.

Мандатот на студентите во Наставно-научниот совет е две години.

**Член 71**

Постапката за избор на членови во Наставно-научниот совет започнува најмалку 30 дена пред истекот на мандатот на постојниот состав.

Постапката ја поведува деканот и ги утврдува роковите во кои катедрите и Факултетското студентско собрание треба да извршат избор на членови на Наставно-научниот совет.

Деканот ја свикува конститутивната седница на Наставно-научниот совет.

Доколку одредена катедра и Факултетското студентско собрание не изберат членови во Наставно-научниот совет во утврдените рокови, а избрани се за членови на Наставно-научниот совет најмалку 75 % од бројот на членовите утврден со оваа одлука, Наставно-научниот совет се конституира со избраните членови и одлучува со кворум од избраните членови.

*Заеднички одредби за членовите на Наставно-научниот совет*

**Член 72**

Присуството на седниците на Наставно-научниот совет е задолжително.

Неоправданото отсуство на членовите на Наставно-научниот совет на седниците претставува повреда на обврските од работниот однос и се применуваат прописите што ја регулираат оваа материја.

Во случај на одобрено отсуство на член на Наставно-научниот совет подолго од 6 (шест) месеци, се избира нов член под исти услови и постапка.

*Надлежности и одлучување на Наставно-научниот совет*

**Член 73**

Наставно-научниот совет:

1. донесува Статут на Факултетот;
2. донесува тригодишна програма за развој и годишна програма за работа;
3. избира декан и му ја доставува одлуката за избор на Сенатот за потврдување;
4. избира продекани;
5. избира членови во Сенатот (сенатори);
6. му предлага на Сенатот студиски програми;
7. донесува програма за научноистражувачка работа;
8. ја спроведува постапката и врши избор во наставно-научни звања: доцент, вонреден професор и редовен професор, во насловни, научни звања и соработнички звања и демонстратори;
9. предлага број на студенти кои се запишуваат во прва година на сите циклуси на студии;

10. донесува одлука за распоред на работни задачи за наставниците и соработниците за секоја академска година;
11. го усвојува финансискиот план и донесува завршна сметка (финансискиот годишен извештај) во рамките на единствениот финансиски план на универзитетот и консолидираната завршна сметка на универзитетот;
12. му предлага на Универзитетот, односно кога тоа е определено со Закон, на основачот, измена или проширување на дејноста во согласност со Закон;
13. ги донесува општите акти на Факултетот;
14. донесува мерки за создавање и усовршување на наставно-научниот подмладок и за работа со особено успешни и талентирани студенти;
15. донесува мерки и одлучува за унапредувањето на наставната, научноистражувачката, високостручната здравствена и применувачката работа и за компјутерската мрежа;
16. избира и разрешува секретар на Факултетот;
17. ги избира членовите на комисијата и поткомисиите за самоевалуација и донесува упатство за евалуација на Факултетот во согласност со Правилникот за стандардите и постапката за самоевалуација и надворешна евалуација кој го донесува Националниот совет на високото образование;
18. одлучува за библиотеката, за библиотечно-информацискиот систем и за остварувањето на библиотечно-информациската и документационата дејност, во согласност со Статутот на Универзитетот;
19. одлучува за организирањето на меѓународни собири, симпозиуми, конгреси, советувања и слично;
20. одлучува за остварувањето на меѓународната соработка согласно со Статутот на Универзитетот и овој Статут;
21. ја разгледува иницијативата за предвремено престанување на изборот во звање;
22. одобрува отсуства од работа на наставно-научниот, научниот и соработничкиот кадар;
23. утврдува потреба од нови наставници, научни работници и соработници;
24. распишува конкурс за прв избор во наставно-научни, научни, насловни и соработнички звања и засновање на работен однос на лица кои се избрани за првпат во соодветното звање, освен за насловните звања;
25. им дава согласност на наставниците за изведување настава на друг факултет;
26. дава мислење до Сенатот заради добивање согласност наставниците, научните работници и соработниците од Факултетот да можат да изведуваат настава на друг Универзитет;
27. избира свои претставници во Одборот за соработка и доверба со јавноста;
28. избира членови на дисциплинската комисија за одговорност на студентите;
29. склучува договори за соработка со странски универзитети согласно Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот;
30. одлучува за склучување на договори за двојна диплома (double degree) или заедничка студиска програма (joint degree) согласно со Статутот на Универзитетот и Законот за високото образование;
31. организира различни облици на неформално учење согласно Законот за високото образование;
32. избира членови на рецензентски и други комисии;
33. донесува одлука за започнување на постапката за избор на декан;
34. формира изборна комисија за спроведување постапка за избор на декан;
35. донесува деловник за работа на органите и телата на Факултетот;
36. одлучува по извештајот за работа на деканот;
37. донесува Правилник за надлежноста, условите и постапката за избор и разрешување и работата на заменик на студентскиот правобранител;

38. одлучува по извештајот за работа од заменик-студентски правобранител;
39. на наставникот кој не го исполнува минималниот број на часови при утврдување на наставна дејност за учебната година/семестар со одлуката за распоредот на часовите и наставата (обезбеденост на наставата), му определува (доделува) часови на настава од сродна научна област, при што вкупниот број на часови настава, по можност, се распределува рамномерно;
40. по претходно добиено одобрение од Ректорската управа поканува визитинг-професори, афирмирани научници и стручњаци од практиката;
41. избира претседател на наставно-научниот колегиум за јавно здравје на предлог на Деканатската управа;
42. донесува правила за делокругот и начинот на работа на Одборот за судскомедицински вештачења, Етичката комисија за истражување на луѓе, Етичката комисија за експерименти на животни и Комисијата за самоевалуација;
43. врши и други работи утврдени со закон, Статутот на Универзитетот, со овој Статут и со другите акти на Универзитетот и на Факултетот.

**Член 74**

Наставно-научниот совет полноважно одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број негови членови, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

Во работата на Наставно-научниот совет учествува и секретарот, без право на одлучување.

При изборот во наставно-научни, научни и соработнички звања како и демонстратори не учествуваат студентите.

За работите од член 73 став 1, алинеи 1, 3, 4, 5 и 7 од овој Статут, Наставно-научниот совет може полноважно да одлучува доколку се присутни две третини од вкупниот број негови членови, а одлуката се смета за донесена ако за неа гласало мнозинството од присутните членови на Наставно-научниот совет.

**Член 75**

Наставно-научниот совет одлучува со јавно гласање, освен за работите утврдени со закон и со Статутот на Универзитетот.

За избор и разрешување на: декан, продекан и избор на сенатори, Наставно-научниот совет одлучува со тајно гласање. Наставно-научниот совет, со јавно гласање може да одлучи да се спроведе тајно гласање и за прашања за кои се гласа јавно.

**Член 76**

Седниците на Наставно-научниот совет ги свикува и со нив раководи деканот на Факултетот.

Во отсуство на деканот, по негово овластување, со седницата на Наставно-научниот совет раководи еден од продеканите.

Деканот е должен да свика седница на Наставно-научниот совет доколку тоа го бара 1/5 од членовите.

**Член 77**

Наставно-научниот совет, по предлог на деканот, односно членовите на Наставно-научниот совет, од редот на професорите, со тајно гласање избира два претставника во Универзитетскиот сенат.

Мандатот на членовите во Универзитетскиот сенат е три години со право на уште еден избор.

Избрани се оние кандидати кои добиле мнозинство гласови од присутните членови.

Доколку се пријавени повеќе кандидати и во првиот круг не се избрани кандидати, односно кандидат, гласањето се повторува, при што секој нареден круг отпаѓа кандидатот што добил најмал број гласови. Ако во случајот од претходниот став на овој член не се избрани кандидати, односно кандидат постапката за предлагање се повторува со нови кандидати.

*Работни тела*

**Член 78**

Наставно-научниот совет формира постојани и повремени одбори, Наставно-научни колегиуми, комисии и други работни тела за проучување и изготвување предлози, мислења, стручни материјали и сл. за одделни прашања од неговиот делокруг.

Бројот и составот на одборите, Наставно-научните колегиуми и комисиите се утврдуваат со одлука на Наставно-научниот совет.

Во одборите, Наставно-научните колегиуми и комисиите можат да членуваат и избрани наставници кои не се избрани претставници во Наставно-научниот совет. На катедрите на кои има до два избрани наставници во одборите и комисиите може да членуваат и избрани научни работници од катедрата.

**Член 79**

Постојани одбори, Наставно-научни колегиуми и комисии се:

1. Наставен одбор
2. Научен одбор
3. Наставно-научниот колегиум за постдипломски студии
4. Здравствен одбор
5. Кадровски одбор
6. Одбор за специјализации и супспецијализации
7. Одбор за судскомедицински вештачења
8. Наставно-научниот колегиум за јавно здравство
9. Одбор за издавачка дејност
10. Етичка комисија за истражувања на луѓе
11. Етичка комисија за експерименти на животни
12. Комисија за самоевалуација
13. Одбор за меѓународна соработка
14. Комисија за тригодишни стручни студии.

**Член 80**

Членовите на постојаните одбори, Наставно-научни колегиуми и комисии, се избираат од страна на Наставно-научниот совет непосредно по изборот на декан.

**Член 81**

Наставниот, Научниот и Кадровскиот одбор, се формираат од Наставно-научниот совет по предлог на катедрите, на паритетен принцип, со еден претставник од секоја катедра.

Предлог за член во одборите од став 1 на овој член може да даде раководителот на катедрата. Предлогот се утврдува доколку се присутни повеќе од половината од членовите на катедрата. Утврден е кандидатот што добил најголем број гласови. Ако повеќе кандидати добиле најголемо но исто мнозинство, гласањето за тие кандидати се повторува уште еднаш. Ако и при повторното гласање не се изврши избор, избран е кандидатот со подолго работно искуство.

Другите постојани одбори и комисии, како и Наставно-научните колегиуми се формираат од Наставно-научниот совет по предлог на Деканатската управа, водејќи сметка за адекватната застапеност на соодветните дисциплини.

**Член 82**

Одборите, Наставно-научните колегиуми и комисиите од член 79, став 1 точките 1, 2, 3, 4, 5, 6, 8, 9 и 13 разгледуваат и претресуваат прашања од областа за која се формирани и утврдуваат предлози, мислења, извештаи и сл. кои ги доставуваат до Наставно-научниот совет, односно до деканот и Деканатската управа.

**Член 83**

Делокругот и начинот на работа на Одборот за судскомедицински вештачења, Етичката комисија за истражувања на луѓе, Етичката комисија за експерименти на животни и Комисијата за самоевалуација се утврдени со посебни правила кои ги донесува Наставно-научниот совет.

За работите од својот делокруг, одборите и комисиите од став 1 на овој член, како и Комисијата за тригодишни стручни студии одлучуваат самостојно, односно за прашањата од нивниот делокруг не одлучува Наставно-научниот совет.

**Надлежности на работните тела на Факултетот**

**Надлежност на Наставниот одбор**

**Член 84**

Наставниот одбор во рамките на својата надлежност:

- му предлага на Наставно-научниот совет услови и критериуми за запишување студенти на студиските програми од прв циклус студии;
- доставува предлог до Наставно-научниот совет за членови на конкурсна комисија за успис на

студенти на студиските програми на прв циклус студии;
- доставува предлог до Наставно-научниот совет за бројот на студенти за запишување во прва година за сите студиски програми од прв циклус на студии;
- поднесува до Наставно-научниот совет извештај за бројот на запишани студенти по студиски програми,
- доставува предлог до Наставно-научниот совет за воведување нови студиски програми и за измени и дополнувања на студиските програми од прв циклус студии;
- доставува извештај за спроведена евалуација од страна на студентите;
- доставува извештај од координаторите на студиски години и студентите за наставнообразовниот процес;
- доставува предлог до Наставно-научниот совет за членови на дисциплинска комисија за одговорност на студентите;
- врши други работи по барање на деканот и Наставно-научниот совет.

Со Наставниот одбор раководи претседател.

Претседател на Наставниот одбор е продеканот за настава.

**Надлежност на Наставно-научниот колегиум за втор циклус постдипломски студии**

**Член 85**

Наставно-научниот колегиум за втор циклус постдипломски студии во рамките на својата надлежност:
- му предлага на Наставно-научниот совет услови и критериуми за запишување студенти на студиските програми од втор циклус стручни студии; како и за селекција на кандидатите;
- расправа по приговори во врска со уписот и носи одлуки по истите;
- доставува предлог до Наставно-научниот совет за членови на конкурсна комисија за успис на студенти на студиските програми на втор циклус стручни студии;
- доставува предлог до Наставно-научниот совет за бројот на студенти за запишување на втор циклу стручни студии;
- поднесува до Наставно-научниот совет извештај за бројот на запишани студенти по студиски програми;
- доставува предлог до Наставно-научниот совет за воведување нови студиски програми и за измени и дополнувања на студиските програми од втор циклус стручни студии;
- доставува мислење до Наставно-научниот совет за подобност на пријавена тема за изработка на магистерски труд;
- на Наставно-научниот совет му предлага комисии за пријава, оценка и одбрана на магистерски трудови;
- на Наставно-научниот совет му предлага наслови на теми на магистерски трудови;
- на Наставно-научниот совет му предлага ментори на кандидатите;
- утврдува еквиваленција на положените испити според старите и новите студиски програми и ја доставува до деканот за донесување решение;
- врши други работи по барање на деканот и Наставно-научниот совет.

Со Наставно-научниот колегиум за постдипломски студии раководи претседател.

Претседател на Наставно-научниот колегиум за постдипломски студии е продеканот за наука.

**Надлежност на Научниот одбор**

**Член 86**

Научниот одбор во рамките на својата надлежност:
- доставува мислење до Наставно-научниот совет за подобност на пријавена тема за изработка на докторски труд;
- на Наставно-научниот совет му предлага комисии за пријава, оценка и одбрана на докторските трудови;
- на Наставно-научниот совет му предлага наслови на теми на докторски трудови;
- на Наставно-научниот совет му предлага ментори на кандидатите;
- дава мислење до Наставно-научниот совет за изведување на научни проекти во кој учесник е Факултетот;

- доставува мислење до Наставно-научниот совет за годишните и завршните извештаи од раководителите на проекти;
- врши други работи по барање на деканот и Наставно-научниот совет.

Со Научниот одбор раководи претседател.

Претседател на Научниот одбор е продеканот за наука.

**Надлежност на Здравствениот одбор**

**Член 87**

Здравствениот одбор во рамките на својата надлежност:

- предлага мерки и активности на надлежните органи на Факултетот за вршење на здравствената дејност на Институтите;
- предлага мерки за економично, ефикасно и ефективно работење на институтите;
- предлага на надлежните органи на Факултетот деловен план за вршење на здравствената дејност на Институтите за тековната година;
- предлага на надлежните органи на Факултетот нови здравствени услуги за здравствените осигуреници и останати корисници на услугите;
- предлага на надлежните органи на Факултетот цени на здравствени услуги;
- расправа по прашања и проблеми поврзани со здравствената дејност на Институтите и им предлага мерки на надлежните органи на Факултетот;
- врши други работи по барање на надлежните органи на Факултетот.

Со Здравствениот одбор раководи претседател.

Претседател на Здравствениот одбор е продеканот за финансии и здравство.

**Надлежност на Кадровиот одбор**

**Член 88**

Кадровскиот одбор во рамките на својата надлежност:

- му предлага на Наставно-научниот совет распишување на конкурс за пополнување нови места за избор во наставно-научни, научни, насловни и соработнички звања;
- на Наставно-научниот совет му предлага рецензентски комисии за избор во звања;
- доставува предлог до Наставно-научниот совет за согласност за ангажирање наставници од други факултети во рамки на УКИМ и од други универзитети за реализација на наставата на студиските програми на Факултетот;
- доставува предлог до Наставно-научниот совет за согласност за ангажирање стручњаци од практиката–едукатори вработени на Универзитетските клиники и наставни бази за реализација на наставата за студиските програми на Факултетот;
- доставува предлог до Наставно-научниот совет за согласност за ангажирање наставници од Факултетот за реализација на наставата на студиските програми на други факултети во рамки на УКИМ и на други универзитети;
- доставува предлог до Наставно-научниот совет отпочнување постапка за избор на почесни професори на Факултетот;
- доставува предлог до Наставно-научниот совет за одобрување на платени и неплатени отсуства на наставно-научни, научни работници, соработници и асистенти-докторанди на Факултетот;
- врши други работи по барање на деканот и Наставно-научниот совет.

Со Кадровиот одбор раководи претседател.

Претседател на Кадровиот одбор е деканот.

**Надлежност на Одборот за специјализации и супспецијализации**

**Член 89**

Одборот за специјализации и супспецијализации во рамките на својата надлежност:

- доставува мислење до Наставно-научниот совет за програмите за специјализација и супспецијализација, за нивни измени, дополнувања и

усогласувања со Европските директиви, како и за воведување нови програми;
- дава мислење до надлежните органи на Факултетот во врска со барањата на специјализантите и супспецијализантите;
- доставува предлог до Наставно-научниот совет за членови на комисии за полагање специјалистички и супспецијалистички испити;
- врши други работи по барање на деканот и Наставно-научниот совет.

Со Одборот за специјализации и супспецијализации раководи претседател.

Претседател на Одборот за специјализации и супспецијализации е продеканот за специјализации и супспецијализации.

**Надлежност на Наставно-научниот колегиум за јавно здравство**

**Член 90**

Наставно-научниот колегиум за јавно здравство во рамките на својата надлежност:
- му предлага на Наставно-научниот совет студиски програми од втор циклус студии од областа на јавното здравство и нивни измени и дополнувања;
- му предлага на Наставно-научниот совет услови и критериуми за запишување студенти на студиските програми од став 1, алинеја 1 на овој член;
- доставува предлог до Наставно-научниот совет за условите за запишување на кандидатите коишто имаат завршено други студиски програми;
- се грижи за реализација на постапката за пријавување и за селекција на андидатите во согласност со условите од конкурсот;
- расправа по приговори во врска со уписот и носи предлог-одлуки по истите;
- поднесува до Наставно-научниот совет извештај за бројот на запишани студенти;
- ја подготвува и спроведува постапката за пријава, одбрана и оценка на магистерски труд,
- ги подготвува точките од дневниот ред на седниците на Одборот за постдипломски студии кои се однесуваат на постапката за пријавување, оценка и одбрана на магистерски трудови и ги доставува до деканот;
- доставува мислење до Наставно-научниот совет за подобност на пријавена тема за изработка на магистерски труд;
- на Наставно-научниот совет му предлага наслови на теми на магистерски трудови;
- на Наставно-научниот совет му предлага ментори на кандидатите;
- на Наставно-научниот совет му предлага комисии за оценка и одбрана на магистерски трудови;
- утврдува еквиваленција на положените испити според старите и новите студиски програми и ја доставува до деканот за донесување решение;
- врши други работи по барање на деканот и Наставно-научниот совет.

Со Наставно-научниот колегиум за јавно здравство раководи претседател.

Претседателот на Наставно-научниот колегиум за јавно здравство го избира Наставно-научниот совет, на предлог на Деканатската управа од редот на членовите на Наставно-научниот колегиум по јавно здравство.

**Надлежност на Одборот за меѓународна соработка**

**Член 91**

Одборот за меѓународна соработка во рамките на својата надлежност:
- предлага остварување на меѓународната соработка согласно со Статутот на Универзитетот;
- доставува предлог до Наставно-научниот совет за размена на научни и стручни публикации и научни информации;
- предлага учество на меѓународни собири, симпозиуми, конгреси, советувања и сл.;
- организира мобилност на студенти и наставници;
- предлага програма до Наставно-научниот совет постапка за

включување на визитинг професори од странство и предлог за покана на визитинг-професори, афирмирани научници и стручњаци од практиката на Факултетот;
- организира вклучување на визитинг професори од странство и афирмирани научници и стручњаци од практиката на Факултетот и
- врши други работи по барање на деканот и Наставно-научниот совет.

Со Одборот за меѓународна соработка раководи претседател.

Претседател на Одборот за меѓународна соработка е Координаторот за меѓународна соработка.

**Надлежност на Комисијата за тригодишни стручни студии**

**Член 92**

Комисијата за тригодишни стручни студии во рамките на својата надлежност:
- ја подготвува и спроведува постапката за пријава, оценка и одбрана на дипломски труд,
- усвојува предлог-наслови на теми на дипломски трудови;
- формира комисии за оценка и одбрана на дипломски трудови;
- врши други работи по барање на деканот и Наставно-научниот совет.

Со Комисијата за тригодишни стручни студии раководи претседател.

Претседател на Комисијата за тригодишни стручни студии е продеканот за настава.

**Член 93**

Претседателот на одбор, односно Наставно-научен колегиум, односно комисија во рамките на својата надлежност:
- ја организира и ја раководи работата на одборот, односно Наставно-научниот колегиум, односно комисијата;
- ги подготвува, свикува и ги води седниците;
- се грижи за редовно извршување на работите кои произлегуваат од надлежноста на одборот, односно Наставно-научниот колегиум, односно комисијата;
- ги известува органите на Факултетот за работата на одборот, односно Наставно-научниот колегиум, односно комисијата;
- ги спроведува одлуките, заклучоците и другите акти на одборот, односно Наставно-научниот колегиум, односно комисијата и на органите на Факултетот;
- ги потпишува записниците од седниците на одборот, односно Наставно-научниот колегиум, односно комисијата;
- врши и други работи по барање на Наставно-научниот совет и деканот.

**2. Декан**

**Член 94**

Деканот е раководен орган.

Деканот го застапува и го претставува Факултетот во земјата и во странство, во согласност со Статутот на Универзитетот и овој Статут.

Вршењето на должноста декан е неспоиво со вршењето на друга државна функција или функција во политичка партија.

*Надлежност на деканот*

**Член 95**

Деканот, во рамките на вршењето на својата раководна функција:
1. ги извршува одлуките и заклучоците на Сенатот и ректорот на Универзитетот;
2. ги спроведува овластувањата пренесени од ректорот согласно со Статутот на Универзитетот;
3. ги извршува одлуките и заклучоците на Наставно-научниот совет и на Деканатската управа;
4. се грижи за усогласено вршење на високообразовната, научноистра-уvачката, високостручната здравствена и применувачката, односно апликативната дејност;
5. ги свикува седниците на Наставно-научниот совет и на Деканатската управа, го предлага дневниот ред и претседава со нив;
6. ги подготвува и ги предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучува Деканатската управа;

7. на Наставно-научниот совет му поднесува предлози на одлуки и заклучоци за прашањата чие разгледување и решавање е во негова надлежност;
8. распишува конкурс за избор на лица избрани во наставно-научни, научни, насловни или соработнички звања, најрано 7, а најдоцна 6 месеци пред истекот на времето за кое се избрани;
9. одлучува по барањата на наставниците да не се продожи рокот за распишување на конкурс за избор во звања за времето поминато на породилно отсуство, боледување подолго од три месеци, како и мирување на работниот однос во случаи определени со закон;
10. се грижи за реализацијата на Годишниот план за јавни набавки;
11. ги промовира дипломираните студенти и доделува награди;
12. управува со имотот на Факултетот и се грижи за неговото одржување, во рамките на овластувањата определени со Статутот на Универзитетот и со овој Статут;
13. покренува образложена иницијатива за предвремен престанок на изборот во звање;
14. потпишува уверенија и други документи што се издаваат на студентите во текот на студиите и по дипломирањето;
15. одлучува за правата, обврските и одговорностите на наставниот кадар од работниот однос кои не се во надлежност на органите и телата на Универзитетот и Факултетот;
16. формира постојани и повремени работни тела, за работи од неговата надлежност и утврдува надоместок за нивната работа согласно актите на Факултетот;
17. одлучува за барањата на студентите доколку не е поинаку уредено со актите на Универзитетот и Факултетот;
18. назначува раководители на други внатрешни организациони единици согласно со овој Статут;
19. донесува одлуки за јавни набавки што се во надлежност на раководниот орган, согласно со Законот за јавните набавки;
20. врши и други работи согласно со закон, со Статутот и другите акти на Универзитетот, овој Статут и другите акти на Факултетот.

За прашањето од став 1, точка 9 од овој член, Деканот има право да побара одлуката да ја донесе Наставно-научниот совет на Факултетот.

Деканот е должен, најмалку еднаш во годината, до Наставно-научниот совет и до ректорот на Универзитетот да поднесува извештај за својата работа.

Деканот е одговорен за законитоста и статутарноста на работата на органите на Факултетот и има право и должност да запре од извршување општ акт и одлука на овие органи за кои смета дека не се во согласност со законот, со Статутот на Универзитетот, со овој Статут и со другите акти на Универзитетот и на Факултетот и за тоа го известува ректорот, кој донесува одлука по спорното прашање.

За вршење на дел од своите права и обврски, деканот може да овластува одделни продекани.

Деканот може да назначи в.д. продекани и в.д. раководители.

*Избор и разрешување на декан*

**Член 96**

Деканот го избира Наставно-научниот совет на Факултетот од редот на редовните и вонредните професори на Факултетот, а доколку нема редовни и вонредни професори, и од редот на доцентите, за време од три години, со право на уште еден избор, под условите утврдени со Статутот на Универзитетот.

Одлуката за изборот на декан ја потврдува Сенатот.

**Член 97**

Наставно-научниот совет го врши изборот на декан на седница, со тајно гласање на начин и постапка утврдени со Статутот на Универзитетот и овој Статут.

Наставно-научниот совет донесува одлука за започнување на постапката за избор на декан најдоцна шест месеци пред истекот на мандатот на постојниот декан во

која се определуваат роковите и начинот на спроведување на постапката за избор и составот на изборната комисијата што ќе ја спроведе постапката за избор во согласност со Статутот на Универзитетот.

Избран за декан се смета оној кандидат кој добил мнозинство гласови од присутните членови на Наставно-научниот совет.

*Престанок на функцијата декан*

**Член 98**

На деканот функцијата му престанува и пред истекот на мандатот ако:

1. поднесе оставка од функцијата за којашто е избран;
2. настане трајна спреченост за вршење на функцијата;
3. е разрешен од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот;
4. сенатот ја потврди одлуката за суспензија на деканот од страна на ректорот;
5. му престанал работниот однос и
6. во други случаи утврдени со закон и Статутот на Универзитетот.

**Член 99**

Ако Наставно-научниот совет не го прифати извештајот за работата на деканот, се смета дека е разрешен на истата седница и се известува ректорот да именува вршител на должноста декан.

Одредбата од претходниот став се применува и во случаите кога мандатот на деканот престанал во други случаи утврдени со член 98 од овој Статут.

Деканот кој е разрешен има право на приговор до Сенатот во рок од 8 дена од денот на разрешувањето.

Одлуката на Сенатот по приговорот е конечна.

**3. Продекани**

**Член 100**

За вршење на дел од своите права и обврски, деканот може да ги овластува продеканите.

Продеканите вршат работи што ќе им ги определи деканот за области од дејноста на Факултетот.

**Член 101**

Факултетот има четири продекани, кои се предлагаат од страна на деканот.

**Член 102**

Продеканот во рамките на својата надлежност:

- ја координира работата на одделението од негова надлежност;
- извршува работи и задачи во согласност со поделбата на работите според одредени области од дејностите на Факултетот;
- му предлага на деканот работна политика и мерки за нејзино спроведување од областа на задачите кои му се доверени;
- извршува и други работи одредени со Статутот на Факултетот, Статутот на УКИМ како и оние што ќе му ги доверат деканот и Наставно-научниот совет;
- со овластување го заменува деканот за време на негово отсуство;
- за својата работа е непосредно одговорен пред деканот.

**Член 103**

Наставно-научниот совет ги избира продеканите по предлог на новоизбраниот декан од редот на редовните и вонредните професори и доцентите на Факултетот.

Гласањето за избор на продекани се спроведува на ист начин како за избор на декан.

Мандатот на продеканите трае за време на мандатот на деканот.

Мандатот на постојните продекани им продолжува до изборот на новите продекани кој се спроведува по изборот на новиот декан.

Мандатот на продеканите престанува со престанок на мандатот на деканот.

**Член 104**

Продеканите за својата работа одговараат пред деканот и Наставно-научниот совет.

Деканот може да поднесе предлог до Наставно-научниот совет за разрешување на некој од продеканите во случај ако тој со своето работење битно го нарушил работењето на Факултетот, ја злоупотребил својата функција или несовесно ја извршува

функцијата на која е избран, или на лично барање од продеканот.

**Член 105**

Вршењето на должноста продекан е неспоиво со вршењето на друга државна функција или функција во политичка партија.

Продеканот истовремено не може да биде и раководител на институт или раководител на катедра.

В.д. деканот може да назначи в.д. продекани и в.д. раководители.

**4. Деканатска управа**

**Член 106**

Деканатската управа е орган на управување на Факултетот и има 15 члена.

Деканатската управа ја сочинуваат:

- деканот;
- продеканите;
- двајца - раководители на катедрите од хируршките гранки на медицината (хирургија, ОРЛ, офталмологија, ортопедија, анестезиологија и реанимација, гинекологија и акушерство);
- двајца - раководители на катедрите од интернистичките гранки на медицината (радиологија, интерна медицина, педијатрија, дерматовенерологија, неврологија, инфектологија, онкологија, трансфузиологија, физикална медицина, психијатрија, семејна медицина);
- двајца - раководители на катедрите од базичните гранки на медицината кои немаат апликативни дејности и превентивни гранки (анатомија, медицинска етика, медицинска хемија, медицинска физика, социјална медицина, епидемиологија со статистика и информатика, хигиена и медицина на трудот);
- тројца раководители на институтите кои вршат здравствена дејност (патологија, микробиологија и паразитологија, судска медицина криминалистика и медицинска деонтологија, патолошка физиологија и нуклеарна медицина, медицинска и експериментална физиологија со антропологија, претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија, имунологија, медицинска и експериментална биохемија, медицинска хистологија и ембриологија);
- еден член избран од Факултетското студентско собрание.

Мандатот на претставниците во Деканатската управа е 3 години, со право на еден реизбор.

Во работата на Деканатската управа учествува и секретарот на Факултетот без право на одлучување.

Деканатската управа ја свикува и со седниците претседава деканот.

**Член 107**

Изборот на член во Деканатската управа од раководителите од катедрите се врши со тајно гласање од страна на раководителите на катедрите од соодветните гранки на медицината (хируршки, интернистички, базични), по предлог на деканот.

Изборот на член во Деканатската управа од раководителите од институтите кои вршат здравствена дејност се врши со тајно гласање од страна на раководителите на институтите, по предлог на деканот.

Изборот се врши доколку се присутни повеќе од половината од вкупниот број раководители на катедрите, односно институтите, а избран е раководителот кој добил мнозинство гласови од присутните.

Избран е оној кандидат кој добил најголем број гласови од присутните раководители.

Изборот го организира и го спроведува комисија формирана со решение на деканот.

**Член 108**

Деканатската управа, во рамките на својата надлежност:

1. се грижи за остварувањето на дејноста и развојот на Факултетот и за односите со поширокото општествена заедница и државните органи;
2. донесува акти и го следи нивното извршување, освен актите кои се во надлежност на Наставно-научниот совет;

3. ги подготвува и ги предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучуваат Наставно-научниот совет и деканот;
4. одлучува по предлозите од Наставно-научниот совет;
5. донесува Годишен план за јавни набавки;
6. го усвојува Извештајот за попис;
7. донесува одлуки за јавни набавки што се во надлежност на органот на управување, согласно со Законот за јавни набавки и актите на Универзитетот;
8. одлучува по жалба на студентите против одлуките на деканот;
9. формира разни комисии и тела;
10. презема мерки за подобрување на работната дисциплина на Факултетот;
11. одлучува по барање на студентите доколку тоа не е надлежност на деканот;
12. одлучува за правата од работен однос на вработените во втор степен;
13. предлага формирање на постојани одбори и комисии, како и наставно-научни колегиуми до Наставно-научниот совет;
14. врши и други работи определени со овој Статут.

За прашањата од работен однос и за финансиско-материјалните прашања на институтите кои вршат здравствена дејност одлучува Деканатската управа по предлог на соодветните институти.

**Член 109**

Деканатската управа работи на седници. Деканатската управа ја свикува и на седниците претседава деканот.

Деканатската управа може да работи доколку се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови.

Одлуките се сметаат за донесени доколку за нив гласале повеќе од половината од членовите на Деканатската управа.

## IX. СТРУЧНИ ТЕЛА НА ФАКУЛТЕТОТ

**Одбор за соработка и доверба со јавноста**

**Член 110**

За да оствари соработка и доверба со јавноста, деловната заедница, професионалните комори и со други институции и здруженија на граѓани од подрачјето во кое ги врши високообразовната дејност и научноистражувачката работа, како и за да оствари јавност и одговорност за вршењето на дејноста од јавен интерес, Факултетот формира факултетски Одбор за соработка и доверба со јавноста.

За член на Одборот за соработка и доверба со јавноста не може да биде лице кое согласно со одредбите од Законот за установите не може да биде член на орган на управување на установа.

Одборот за соработка и доверба со јавноста брои 5 члена и тоа:

- 2 члена избира Наставно-научниот совет од редот на наставно-научниот кадар на Факултетот;
- 1 член од Собранието на Република Македонија;
- 1 член од Лекарската комора на Република Македонија;
- 1 член од Македонското лекарско друштво.

Мандатот на членовите на Одборот за соработка и доверба е четири години со право на повторен избор.

Поблиски критериуми и надлежностите на Одборот за соработка и доверба со јавноста се утврдени со закон и со подзаконски акти.

**Член 111**

На Факултетот се формира Центар за кариера кој е дел од Центарот за кариера на Универзитетот.

Во рамките на Центарот за кариера на Факултетот се формира Одбор на поддршка (алумни) на Факултетот.

**Член 112**

Центарот за кариера на Факултетот:

- учествува во организирањето на задолжителната практична настава за студентите, со цел создавање стручен кадар;
- им помага на студентите да ги планираат, идентификуваат и имплементираат нивните цели во кариерата;
- обезбедува информации за можностите за вработување;
- ги информира студентите за програмите за мобилност и го

координира и помага нивното конкурирање за студиски престој на високообразовните институции во ЕУ;
- одржува настани (саеми на кариера) кои им овозможуваат на студентите да создадат контакти и интервјуа со работодавачите;
- организира работилници и семинари со цел да ги насочат студентите за подготовка на мотивациско писмо, презентација на нивните квалификации, вештини, лични карактеристики и сл.
- врши и други работи поврзани со дејноста за која е основан.

Центарот има раководител кој го именува деканот. Мандатот на раководителот е три години со можност за повторен избор.

**Одбор на поддржувачи (алумни) на Факултетот**

**Член 113**

Заради остварување континуитет на дипломираните студенти на сите студиски програми и трите циклуси на студии, Факултетот основа Одбор за поддршка (алумни).

Одборот за поддршка има основна цел да ги продолжи и продлабочи контактите и да воспостави соработка со студентите што завршиле студии на Факултетот, со цел развој на медицинските и со нив поврзаните сродни науки.

Работата на Одборот за поддршка е усогласена со работата на Центарот за кариера на Факултетот.

Деканатската управа со акт ги утврдува организацијата и работата на Одборот.

## X. ПРИМЕНА НА АКТИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

**Член 114**

Одредбите од Статутот и другите акти на Универзитетот со кои се регулираат високообразовната дејност, наставно-научните и соработничките звања, студентите, самоевалуацијата, финансирањето на дејноста и имотот на Факултетот, издавачката дејност, за вршење на стручните и административните работи и др. соодветно се применуваат во работењето на Факултетот.

## XI. ДЕЛОВНИЧКИ ПРАШАЊА

Член 115

Начинот на работа (деловнички прашања) на Наставно-научниот совет, Деканатската управа, работните и стручните тела и комисии и на внатрешните организациони единици се утврдени со Деловник.

## XII. СТУДИИ

**Член 116**

Факултетот организира студии од трите циклуси на студии: прв циклус-додипломски студии, втор циклус-постдипломски студии и трет циклус студии - докторски студии.

**Член 117**

Наставните обврски се состојат од: предавања, аудиториумски и лабораториски вежби, изработка на семинарски работи, елаборати, проекти, изработка на домашни работи, студентска стручна практика, теренска настава, консултации и испити, во обем утврден со студиската програма.

**Член 118**

За секој предмет што се предава треба да постои објавен учебник, скрипта или умножени предавања на македонски јазик.

Ако учебникот, односно учебното помагало не ја покрива целата предметна програма, тогаш должност е на наставникот на почетокот на семестарот, на студентите да им ја стави на располагање разликата на необјавени предавања во вид на умножени предавања.

За секој предмет од кој се изведуваат аудиториски вежби треба да постои збирка на задачи или умножени задачи.

За секој предмет од кој се изведуваат лабораториски вежби треба да постои упатство за изработка на вежбите.

**Програми за стручно и професионално усовршување**

**Член 119**

На Факултетот можат да се организираат различни програми на стручно,

односно професионално усовршување во рамките на концептот на доживотно учење согласно со закон, Статутот и другите акти на Универзитетот.

Со одлуката за организирање на студии од став 1 на овој член се уредуваат условите за запишување, следење и завршната проверка на знаење на лицата што ги посетувале овие програми, како и цената што ја плаќаат за нивна посета.

Покрај програмите од став 1 на овој член Факултетот може да организира различни облици на неформално учење согласно со закон. Одлука донесува Наставно-научниот совет на предлог на Деканатската управа.

**Промоција на завршени студенти**

**Член 120**

На Факултетот најмалку еднаш во текот на годината се врши промоција на студентите што дипломирале, односно магистрирале. Дипломите и наградите на најдобрите дипломирани студенти ги доделува деканот на Факултетот на свеченост.

## XIII. ОТСУСТВО ОД РАБОТА

**Член 121**

На наставниците и на соработниците вработени на Факултетот, на секои пет години може да им се одобри платено отсуство во траење до една година, односно неплатено отсуство во траење до три години заради стручно, односно научно усовршување во соодветната научна област или за престој на високообразовна, научна или уметничка установа со статус во настано-научно или научноистражувачко звање.

Лицата што користат платено отсуство во траење од една година можат да користат и неплатено отсуство уште две години.

Наставно-научниот совет одлучува за отсуството од став 1 на овој член на предлог од катедрата каде што припаѓа наставникот, односно соработникот, во кој предлог се наведува дека е обезбедена замена.

Правото на платено, односно неплатено отсуство се користи согласно со програма која на предлог на лицата од став 1 на овој член ја донесува Наставно-научниот совет.

Предлогот од став 4 на овој член содржи: област на усовршување, односно истражување, времетраење, очекувани резултати, назив на установата и сл.

**Член 122**

Лице избрано во наставно-научно/ научно звање на шест години извршена работа има право на продлабочување на усовршувањето на подрачјето кое е предмет на негово истражување во вкупно траење од најмногу 12 месеци, при што педагошката обврска (држење настава) се прераспределува на други наставници, така што не смее нивната оптовареност да се зголеми за повеќе од една третина.

## XIV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 123**

Деканот и продеканите, избрани пред влегувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/18), продолжуваат да ги вршат своите функции до истекот на времето за кое се избрани.

Мандатот на претставниците на студентите во органите и телата на факултетот продолжува до изборот на претставници од страна на факултетското студентско собрание.

**Член 124**

Толкувања на одредбите на овој Статут дава Наставно-научниот совет.

Согласност на овој Статут дава Универзитетскиот сенат.

**Член 125**

Општите акти на Факултетот се објавуваат во јавното гласило на Универзитетот и стапуваат во сила со денот на објавувањето.

**Член 126**

Овој Статут влегува во сила со денот на неговото објавувањето во *Универзитетскиот гласник.*

**Декан**

**проф. д-р Соња Топузовска, с.р.**

Врз основа на член 94, став 1, алинеја 1 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018) и член 157, став 1, алинеја 8 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“ бр. 425/2019), Универзитетскиот сенат на 34. седница одржана на 27.9.2019 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А

## за давање согласност на Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје

**Член 1**

Се дава согласност на Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со внесени забелешки од Комисијата за нормативна дејност на Универзитетот.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Универзитетски гласник.*

**Р е к т о**

**Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.**